**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1003-173/5**

**Скопје, 06.08.2009 година**

**До**
**Јавна здравствена установа**
**Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство Скопје**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство Скопје (во понатамошниот текст Клиника) за 2008 година, кои се прикажани на страните од 13 до 15.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Клиниката за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:
   - Д-р. Адела Стефанија-Вртаноска – в.д. Директор на Клиниката од 05.09.2007 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 12, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 06.04.-10.04.2009, 15.04.-16.04.2009, 21.04.-30.04.2009, 04.05.-22.05.2009 и 26.05.2009 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
    - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
    - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

**10.1. Систем на интерни контроли во процесите**

**Процес на управување со готовинските средства**

10.1.1. Клиниката нема пишани процедури за процесот на наплата, уплата во благајна и пренос на готовинските средства на сметка на носителот на платниот промет и нивно евидентирање, како приход по основ на извршени здравствени услуги за лица кои не се здравствено осигурени, приходи од вршење на дополнителна дејност на здравствените работници, приходи од користење на надстандардни услуги во Клиниката и по основ на партиципација. Поради отсуство на соодветни процедури и постапки за контрола на степенот на наплатените и уплатените средства по наведените основи, постои ризик од нецелосна евиденција на приливот и одливот на паричните средства во благајната како и можност од незаконско и ненаменско користење на средствата.

**Процес на управување и евидентирање на залихи**

10.1.2. Клиниката нема пишани процедури за процесот на прием, издавање, потрошок и евидентирање на залихата на лековите и медицинските материјали во рамките на Болничката аптека и во рамките на секоја организациона единица - одделение пооделно. Ваквата состојба предизвикува ризик искажаните податоци да не ја отсликуваат реалната состојба на залихите на Клиниката.

Ревизијата не дава препорака бидејќи во текот на вршење на ревизијата, од страна на надлежните органи за управување и раководење со Клиниката донесени се интерни акти заради имплементирање на процедури во сите сегменти, и постигнување целосна контрола во работењето врз основа на принципот на сигурен финансиски менаџмент.

**Процес на пресметка/исплата на плати**

10.1.3. Извршена е оцена на системот на интерни контроли кај процесот на пресметка, евиденција и исплата на платите на вработените, при што идентификувавме состојби кои укажуваат на непостоење/некористење на систем за електронско следење на полното работно време и на прекувремената работа на вработените, што не е во согласност со одредбите од Законот за работните односи. Невоспоставениот систем за евиденција на работното време создава ризик, не секогаш применетите средства на име основна плата и додатоци на плата (прекувремена работа, дежурство) да претставуваат потврда на вистински извршената работа/работни часови односно создава несигурност во потврдувањето на трошоците исплатени на име плата.

Во текот на вршењето на ревизијата в.д. Директорот на Клиниката донесе одлука за отпочнување на постапка за јавна набавка на систем за евиденција на работно време за вработените со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас, поради што овластениот државен ревизор не дава препорака во овој дел од утврдената состојба.

**10.2. Неправилна примена на акти:**

10.2.1. Клиниката во текот на 2008 година извршила исплата на дежурства на вработените како надоместок на плата во нето износ од 5.202 илјади денари, за кои пресметала и исплатила персонален данок на доход во износ од 578 илјади денари, а не како додаток на плата, што не е во согласност со одредбите од Законот за работни односи и Колективниот договор за здравствената дејност на Република Македонија. Воспоставената пракса дежурството како додаток на плата да не се инкорпорира во основната плата на работникот придонесува нереално утврдување на основицата за пресметка на плата и придонеси од плата, како и на основицата за пресметка и остварување на правото од пензиско и инвалидско осигурување (пензија).

Ревизијата не дава препорака, бидејки согласно Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување со примена од 01.01.2009 година, основица за пресметка и плаќање на придонесите претставува платата на работникот и дополнителните примања од работниот однос, односно наведените додатоци/дежурства се интегрирани во бруто платата на вработените.

10.2.2. Со Одлука за поделба на Јавна здравствена установа Универзитетски клинички центар Скопје број 19-3888/1 од 26.06.2007 година донесена од Влада на РМ, за в.д. Директор на Клиниката именувано е едно лице со завршено високо образование од областа на медицината. По донесување на одлуката на Уставниот суд на РМ за поништување на одлуката донесена од Влада на РМ, Собранието на РМ донесува Закон за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита (Сл. Весник на РМ бр. 77/08) согласно кој Владата на РМ донесува Одлука за поделба на Јавна здравствена установа Универзитетски клинички центар Скопје број 19-3434/1 од 08.07.2008 година, со која повторно се именува в.д. директор само едно лице од областа на медицината. Ваквата состојба не е во согласност со Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита согласно кој „ Работоводниот орган на јавната здравствена установа се состои од две лица кои се подеднакво одговорни за работењето на јавната здравствена установа и за обврските што се преземаат во правниот промет. Едното лице кое се именува за директор треба да има завршено високо образование од областа на медицинските или стоматолошките науки,....Другото лице кое се именува за директор треба да има завршено високо образование од областа на економските науки или јавно здравствениот менаџмент,....„.

Неименувањето на потребните лица кои го сочинуваат работоводниот орган на Клиниката влијае врз работењето на субјектот и создавање на веродостојни и уредни документи кои преставуваат основ за искажаните промени во деловните книги.

До денот на вршење на ревизијата од страна на Управниот одбор на Клиниката распишани се три јавни конкурси за именување на Директор на Клиниката и тоа со дата 03.12.2007 година, 05.06.2008 година и 06.12.2008 година и по истите се уште не е именуван Директор на Клиниката од страна на Министерство за здравство.

**Препорака:**

Министерство за здравство заради непречено извршување на дејноста на Клиниката согласно законот, да превземе мерки за итно именување на Директор како работоводен орган.

10.2.3. Клиниката во деловните книги искажува материјални средства/градежни објекти чија сегашна вредност на ден 31.12.2008 година изнесува 81.818 илјади денари, за кои не постои целосна веродостојна документација/имотен лист како доказ за запишано право на сопственост, што не е во согласност со Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Ненавременото превземање мерки и активности за задолжително запишување на правото на сопственост на недвижностите во катастарот на недвижностите не е во согласност со Законот за катастар. Ваквата состојба создава ризик од нереално и необјективно прикажување на материјалните средства во Билансот на состојба, односно прикажување на податоците во финансиските извештаи без постоење на веродостоен документ.

Ревизијата не дава препорака, бидејќи во текот на вршење на ревизијата од страна на Клиниката превземени се мерки и обезбеден е имотен лист број 17998 од 27.04.2009 година со право на користење на Министерство за здравство – ЈЗУ Клиника за гинекологија и акушерство Скопје.

## 10.3. Неправилна примена на сметководствени политики и начела:

10.3.1. Со ревизија на побарувањата за партиципација - учество на осигуреното лице со лични средства во цената на здравствените услуги и на лекови, констатирано е следново:

- не е воспоставена евиденција за побарувања на средствата од партиципација од секоја организациона единица – одделение пооделно и
- побарувањата за партиципација сметководствено се евидентираат во висина на износот на уплатените средства од страна на организационите единици-одделенија, а не во висина на износот на пресметана партиципација,

што не е во согласност со Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

Непочитување на законската регулатива и немањето на процедури, придонесува Клиниката да нема сметководствена евиденција за обврските за пресметана партиципација на секоја организациона единица-одделение пооделно по овој основ, како и за реалниот износ на средствата од партиципација кои остануваат како приход на користење на Клиниката.

**Препорака:**

Службата за економско сметководствено работење да врши евидентирање на побарувањата и обврските по основ на пресметана партиципација во сметководствената евиденција. За обврските по основ на уплатената партиципација од страна на осигурениците да се задолжуваат пооделно секоја организациона единица - одделение на Клиниката и понатаму секое лице кое врши прием на средствата, со што ќе се избегне можноста од затајување и злоупотреба на уплатените средства.

10.3.2. Со ревизија на побарувањата од ФЗОМ за извршени здравствени услуги, констатирани се следните неправилности:

- во деловните книги на Клиниката побарувањата од ФЗОМ се искажани во поголем износ за 8.012 илјади денари, кој се однесува на обврска за пресметана партиципација, која е приход на ФЗОМ согласно член 36 од Законот за здравствено осигурување. Поради погрешен начин на евидентирање во сметководствената евиденција, побарувањата во Билансот на состојба се нереално и необјективно прикажани.

  Ревизијата не дава препорака бидејќи со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување (со примена од 15.07.2008 година) средствата од учеството на осигураното лице со лични средства во цената на здравствените услуги, остануваат на користење на здравствената установа и

  не е извршен отпис на ненаплатените побарувања од ФЗОМ за извршени здравствени услуги во износ од 153.808 илјади денари што не е во согласност со член 13 од Договорот за извршување и плаќање здравствени услуги во болничка здравствена заштита број 0307-127/1 од 31.01.2008 година склучен помеѓу Клиниката и ФЗОМ согласно кој „Доколку износот на средствата што здравствената установа го фактурирала за здравствени услуги на

осигурените лица на крајот од годината е поголем од износот на утврдениот договорен износ, здравствената установа го отпишува побарувањето за разликата помеѓу фактурираниот износ од договорениот износ„. Ваквата состојба влијае на на реалноста и објективноста на побарувањата искажани во Билансот на состојба.

**Препорака:**
Управниот одбор да донесе акт за отпишување ненаплатените побарувања за извршени здравствени услуги од ФЗОМ.

10.3.3. Со ревизија на залихите на лекови и медицински материјали, констатирано е дека испораката на лекови и медицински потрошен материјали во Клиниката се врши од страна на Болничка аптека за потребите од лекови и медицински материјал на одделенијата во состав на клиниката, како и од Клиничка аптека, за потребите од дезинфекциони средства и лабораториски материјали, врз основа на доставени барања од самите одделенија по видови и количини за потребите. За испорачаните количини Клиниката нема целосна сметководствена/материјална евиденција за реалните залихи во секое одделние пооделно, како и за реално потрошените лекови и медицински материјали по пациент, што не е во согласност со Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Поради немање целосна евиденција и невоспоставен систем на контрола на следење и трошење на лековите и медицинските материјалите во одделенијата, Клиниката нема увид над реалните залихи во секое одделение пооделени, со што се оневозможува контрола при управување и користење на истите.

**Препорака:**
Службата за економско сметководствено работење да превземе мерки за воспоставување на сметководствена/материјална евиденција на прием, издавање, следење на потрошокот по пациенти и состојба на залихите на лекови и медицински материјали, со што ќе се овозможи следење на реалниот потрошок на лекови и медицински материјали, намалување на можноста од злоупотреба при управување и користење, како и утврдување на одговорност во случај на отстапување на состојбата на истите.

## 10.4. Ненаменско и незаконско користење на средствата:

10.4.1. Во 2008 година Клиниката по основ на извршени здравствени услуги на приватни пациенти/лица кои не се здравствено осигурени од земјата и странство, користење на апартмани како надстандардни услуги и вршење на дополнителната дејност на здравствените работници, остварила приходи во вкупен износ од 16.990 илјади денари.
Начинот на распределба и користење на остварените приходи по наведените основи се уредени со следниве Одлуки донесени од страна на Управниот одбор во кои е регулирано следново:

- Одлука број 0201-516/2 од 26.03.2008 година со која е уредено дека средствата од приватни пациенти кои доаѓаат од странство и со личен избор на доктор се распределуваат на следниов начин: наплатените материјалните трошоци за лекување во целост останувaат во Клиниката, додека износот на наплатените болнички услуги се распределуваат по 50% на избраниот лекар-

специјалист **и 50% за Клиниката на име направени режиски и други трошоци;**

- Одлука за користење на надстандардни услуги во клиниката број 0201-476/4 од 27.03.2008 година, со која е уредено дека користењето на средствата остварени од користење на надстандардни услуги/апартмани **ќе биде строго наменски за потребите на Клиниката** и
- Одлука број 0201-797/1 од 26.12.2007 година, согласно која надоместокот на име укажана здравствена услуга од страна на доктор-специјалист/дополнителна дејност ќе се распореди и тоа: 80% за здравствениот работник-доктор специјалист односно за тимот кој учествувал во вршење на дополнителната дејност и **20% како дел кој останува на Клиниката за направените режиски и други трошоци**.

Од страна на Управниот одбор на Клиниката донесени се повеќе Одлуки за распределба на средства на вработените од делот на средствата кој како соодветен процент преставуваат приход на Клиниката и имаат строго наменски карактер. Исплата на награди од средствата кои се строго наменски и се предвидени за развој на дејноста на Клиниката е во спротивност со одредбите на Одлуките со кои се регулираат правата и начинот на вршење односно давање услуги по повеќе основи. Ваквата состојба предизвикува незаконско користење на средствата во вкупен износ од 5.567 илјади денари, што претставува 47% од вкупно остварените приходи/строго наменски.

Во текот на вршење на ревизијата од страна на надлежните органи за управување и раководење со Клиниката, донесени се Одлуки за измени и дополнувања на одлуките за начинот на распределба и користење на остварените приходи по наведените основи.

10.4.2. Надлежните органи за управување и раководење со Клиниката не превземале активности за изменување и дополнување на финансискиот план за 2008 година, за износ од 9.095 илјади денари кои произлегуваат од повеќе наплатени приходи (со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување средствата од учеството на осигуреното лице со лични средства во цената на здравствените услуги, остануваат на користење на здравствената установа), што не е во согласност со Законот за здравствена заштита и Законот за буџетите. Ваквата состојба влијае на неутврдување на намената на користењето на средствата и остварување на расходи во износ од 8.674 илјади денари.

**Препорака**:

Надлежните органи за управување и раководење на Клиниката да вршат измена и дополнување на финансискиот план согласно динамиката на остварување/извршување на приходите/расходите.

11. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 10.3.1., 10.3.2. и 10.3.3. финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Јавна здравствена установа Универзитетска Клиника за гинекологија и акушерство Скопје на ден 31 Декември 2008 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење освен за изнесеното во точките 10.2.1., 10.2.2., 10.2.3. и 10.4. кај Јавна здравствена установа Универзитетска Клиника за гинекологија и акушерство Скопје остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2008 година.

13. **Системски слабости**

- Извршена е поделба на Клинички центар на 30 Јавни здравствени установи и Јавна установа за заеднички работи за потребите на јавните здравствени установи клиники и институти и нивна пререгистрација во Централен регистар на РМ врз основа на Одлука за поделба на Јавна здравствена установа Универзитетски клинички центар Скопје број 19-3888/1 од 26.06.2007 година донесена од Влада на РМ. Врз основа на член 34 од Одлуката, донесувањето на статутот ќе се изврши во рок од три месеци од денот на упис на правните следбеници на Клинички центар во Централниот регистар, а останатите акти на Клиничкиот центар ќе продолжат да се применуваат најдоцна шест месеци од денот на влегување на одлуката во сила сметано од 23.08.2007 година.

  Со Одлука број У.бр. 241/2007 од 11.06.2008 година објавена во Сл. весник на РМ број 74 од 18.06.2008 година, Уставниот суд ја поништува истата одлука.

  По поништувањето на наведената Одлука, Собранието на РМ донесува Закон за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита (Сл. Весник на РМ бр. 77/08) со кој основачките права над постојните јавни здравствени установи основани од Собранието на Република Македонија ги превзема Владата на Република Македонија со што Одлуката за статусни промени (припојување, спојување и поделба) на установите ги донесува Владата на Република Македонија.

  Владата на РМ повторно донесува Одлука за поделба на Јавна здравствена установа Универзитетски клинички центар Скопје број 19-3434/1 од 08.07.2008 година, во која е уредено дека правните следбеници имаат обврска Статутот да го донесат во рок од 15 дена од денот на именување на органот на управувањето, а останатите акти на Клинички центар ќе продолжат да се применуваат најдоцна три месеци од денот на влегување на одлуката во сила сметано од 11.07.2008 година.

  Ваквата состојба на поништување и повторно донесување на актите со кои се уредува статусната промена, начинот на функционирање и организирање, вклучувајќи ја и временската рамка за донесување на статутарните и интерните акти влијае во

навременоста на донесување на истите, како и на законското извршување на дејноста на правните следбеници.

- Платата на вработените (основна плата, дел од платата за работна успешност и додатоците) во здравствената дејност се уредени со Законот за работните односи притоа упатувајки (член 118) дека прекувремената работа во здравството (дежурството) ќе се уреди со прописите од областа на здравството.

  Одредбите на **Законот за работни односи** упатуваат дека додатоците на плата се определуваат за посебни услови при работа и тоа за работа во смени, работа во поделено работно време, ноќна работа, продолжена работа, работа во недела, работа во празници определени со закон и додаток за работен стаж, давајки јасна дефиниција за условите и начинот на вршење на прекувремената работа (член 117). **Прекувремената работа** може да трае најмногу десет часа во текот на една недела и најмногу 190 часа годишно, освен за работите кои поради специфичниот процес на работа не можат да се прекинат или за кои нема услови и можности да се организира работата во смени, согласно со акт на Владата на РМ. Ако работодавачот воведува прекувремена работа подолго од 190 часа годишно е должен да изврши прераспоредување на работното време или воведување на нови смени.

  Согласно одредбите од **Колективниот договор за здравствената дејност,** основната плата на работникот се зголемува по час и тоа за: прекувремена работа 35%, работа ноќе 35%, за денови на празници 50% и за дежурство кое во хируршките гранки изнесува 100%.

  Ревизијата смета дека во наведените законски прописи отсуствува јасно дефинирање на поимот дежурство (во Законот за работни односи поимот прекувремена работа се поистоветува со поимот дежурство во здравствените установи, додека во Колективниот договор истите се разграничени и се утврдуваат различни проценти на додатоци на плата, без јасно утврдени критериуми што е дежурство а што е прекувремена работа), односно се остава слобода за различно толкување од страна на јавните здравствени установи, што создава можност од несоодветна примена на законските и подзаконските прописи и неправилна пресметка на платите на вработените во здравстените установи.

14. Во тек се судски постапки, чиј исход ќе има влијание на износот на обврските на Клиниката и тоа 3 судски постапки во кои тужена страна е Клиниката и тоа по основ на надомест на штета за кои вредноста во моментот на поднесување не е определна.

15. Ревизијата има за обврска да обелодени дека:

- Владата на РМ согласно Законот за здравствена заштита донесува и објавува Програми за здравствена заштита, со кои утврдуваат мерки, задачи и активности, содржина, обем и рокови за нивно извршување како и финансиски средства за остварување на ниво на програма и тоа за осигурени и неосигурени лица. Програмите се реализираат во обем на средствата одобрени од Буџетот на РМ за тековната година.

  Распределбата на средствата на јавните здравствени установи по програми и надзор на спроведување на истите врши Министерство за здравство.

  Финансиските средства за остварување на целите по програми, се одобрени во вкупен износ на ниво на сите јавни здравствени установи, без притоа да се утврди висината на средствата потребни за реализирање на програмата на ниво на секоја јавна здравствена установа одделно. Ваквата состојба овозможува превземените активности/извршување на здравствени услуги по програми во обем да ги надминат одобрените средства по програма, што има за последица не можност за наплата во целост на побарувањата на јавните здравствени установи по наведените основи од Министерство за здравство.

  Во текот на вршење на ревизијата доставена е конфирмација за усогласување на побарувањата што Клиниката ги има по основ на извршени здравствени услуги по превентитвни и куративни програми за здравствена заштита од Министерство за здравство со состојба на ден 31.12.2008 година во вкупен износ од 6.108 илјади денари. Во годишната сметка за 2008 година на Министерство за здравство не е искажана вредност на позицијата Обврски, согласно Известувањето број 21-3005/2 од 14.04.2009 година, во кое е наведено дека на одржана Триесет и втората седница на Владата на РМ на ден 23.11.2008 година, донесен е Заклучок број 19-6073/1 од 26.11.2008 година, согласно кој потребно е да се изврши сервисирање на долговите на јавните здравствени установи во РМ што подразбира отпишување на меѓусебните обврски и побарувања на јавните здравствени установи со состојба 30.11.2008 година.

  Врз основа на Заклучокот на Влада на РМ, Министерот за здравство има донесено Решение за отпис на побарувањата и обврските за извршените здравствени услуги по Националните превентивни и куративни програми за здравствена заштита во РМ, број 13-1480/1 од 18.02.2009 година, согласно кое " Фактурите кои ги имаат доставено јавните здравствени установи за извршените здравствени услуги по Националните превентивни и куративни програми за здравствена заштита, заклучно со 31.12.2008 година и за годините пред 2008 година, а кои не се исплатени заклучно со 31.12.2008 година, согласно принципите на буџетско работење се отпишуваат." Исто така " Обврските кои ги имаат ЈЗУ, спрема Министерството за здравство, а кои се однесуваат за здравствените услуги согласно Националните превентивни и куративни програми, исто така се отпишуваат."

  Ревизијата изразува сомневање дека е извршено погрешно толкување на Заклучокот на Владата на РМ донесен на Триесет и втората седница, бидејќи заклучокот за отпис на меѓусебните обврски и побарувања во рок од пет дена се однесува на ФЗОМ и Јавните здравствени установи, а не и на побарувањата и

обврските помеѓу Министерството за здравство и Јавните здравствени установи за извршени здравствени услуги по Националните превентивни и куративни програми за здравствена заштита во РМ.

Од страна на Управниот одбор на Клиниката не е усвоен отпис на побарувањата од Министерство за здравство, а во годишната сметка на Министерство за здравство за 2008 година спроведен е отпис на обврски што Министерство за здравство ги има спрема Клиниката.

- Плаќањето на здравствените услуги од страна на ФЗОМ се врши во висина на вкупниот надоместок утврден со Договор за извршување и плаќање здравствени услуги во болничка здравствена заштита број 0307-127/1 од 31.01.2008 година склучен помеѓу Клиниката и ФЗОМ , во износ од 302.616 илјади денари. Во текот на 2008 година, Клиниката извршила здравствени услуги за осигурени лица на товар на ФЗОМ во вкупен износ од 421.441 илјади денари, односно 118.825 ијади денари над договорениот вкупен надоместок. Согласно член 13 од наведениот договор, „Доколку износот на средствата што здравствената установа го фактурирала за здравствени услуги на осигурените лица на крајот од годината е поголем од износот на утврдениот договорен износ, здравствената установа го отпишува побарувањето за разликата помеѓу фактурираниот износ од договорениот износ„.

  Ревизијата смета дека со лимитирање на износот на средства кој Фондот го исплаќа за извршени здравствени услуги, Клиниката ќе се доведе во ситуација да го ограничи обемот на своето работење преку ограничен прием на пациенти или да врши здравствени услуги кои нема да бидат платени од страна на Фондот и за одреден временски период ќе стане неликвидна со што ќе се доведе во прашање нејзиното функционирање, како и други можни последици по установата и пациентите

- Овластениот државен ревизор во Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Универзитетски клинички центар Скопје со состојба 04.09.2007 година, денот на настанување на статусната промена, во точка 11.4.2. алинеа 7, изврши презентирање на утврдената состојба во врска со Договор бр.0307-3251/1 од 12.04.2002 година, склучен помеѓу Клинички центар и ДПТГ "Делта-Пром" Велес, за изградба на нов објект Клиника за гинекологија и акушерство. Имајќи ги во предвид одредбите од Договорот, Овластениот државен ревизор истакнува дека утврдените состојби во Конечниот извештај не се променети во известувачкиот период (31.12.2008 година).

  Зарари надминување на утврдената состојба и обезбедување услови за ставање во функција на објектот, надлежните органи за управување и раководење на Клиниката во соработка со Влада на РМ и Министерство за здравство ги превземале следниве активности:

  - Со Одлука на Влада на РМ донесена на Дваесет и осмата седница одржана на ден 10.11.2008 година, одобрени се 200

милиони денари како финансиска поддршка за завршување на започнатите активности за изградба на објектот;

- Обезбедена е банкарска гаранција за враќање на примен аванс во износ од 35 милиони денари број 19/09 од 17.02.2009 година од Комерцијална банка ад Скопје, со која Комерцијална банка гарантира на клиниката дека доколку Делта-пром Велес не ја исполни обврската редовно и во целост, на клиниката ке и го исплати гарантираниот износ. Гаранцијата е со важност од 17.02.2009 до 15.08.2009 година, како и обезбедена е банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување на работите во износ од 29 милиони денари број 19/09 од 17.02.2009 година од Комерцијална банка ад Скопје, со која Комерцијална банка гарантира на клиниката дека доколку Делта-пром Велес не ја исполни обврската редовно и во целост, на Клиниката ке и го исплати гарантираниот износ и истата е со важност од 17.02.2009 до 15.08.2009 година;
- До денот на вршење на ревизијата продолжена е изградбата на објектот и доставена е 30 времена ситуација од 19.02.2009 година во износ од 2.670 илјади денари и
- Склучен е Анекс кон основниот договор број 0307-1131/1 од 29.05.2009 година, согласно кој рокот за засвршување на градежните работи е 08.09.2009 година.

16. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Клиниката во текот на ревизијата:
    - Во текот на вршење на ревизијата извршени се корекции на одделни позиции искажани во финансиските извештаи за 2008 година, поради сметководствени грешки кои што субјектот ги прифати и евидентира во деловните книги и финансиски извештаи под 31.12.2008 година, кои што како ефекти од ревизијата ја намалуваат вкупната актива и пасива во Билансот на состојба за 2008 година за 958 илјади денари. Исправките се спроведени со налози за книжење број 14-17 од 23.04.2009 година и број 13-04 од 26.05.2009 година.

**Овластен Државен Ревизор**

Скопје, 05.08.2009 година



----------------------------

**Јавна здравствена установа**
**Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство Скопје**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 23,429 | 5,622 |
| Трансфери и донации | 521,886 | 53,822 |
| **Вкупно приходи** | **545,315** | **59,444** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 160,938 | 40,236 |
| Стоки и услуги | 171,304 | 15,997 |
| **Вкупно тековни расходи** | **332,242** | **56,233** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 12,653 | 1,584 |
| **Вкупно капитални расходи** | **12,653** | **1,584** |
| **Вкупно расходи** | **344,895** | **57,817** |

**Јавна здравствена установа**
**Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство Скопје**

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 200,475 | 1,629 |
| Побарувања | 265,083 | 96,561 |
| Побарувања од вработените | 0 | 2 |
| Активни временски разграничувања | 36,719 | 50,143 |
| Залихи | 15,328 | 7,329 |
| **Вкупно тековни средства** | **517,605** | **155,664** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 140,886 | 138,120 |
| Материјални средства во подготовка | 468,940 | 468,940 |
| **Вкупно постојани средства** | **609,826** | **607,060** |
| **Вкупна актива** | **1,127,431** | **762,724** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски по основ на хартии од вредност | 53 | 0 |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 24,565 | 39,741 |
| Краткорочни финансиски обврски | 1,545 | 1,342 |
| Обврски спрема државата и други институции | 37 | 41 |
| Финансиски и пресметковни односи | 83 | 83 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 8 | 12 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 10,573 | 9,017 |
| Пасивни временски разграничувања | 969,686 | 98,177 |
| **Вкупно тековни обврски** | **1,006,550** | **148,413** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 120,881 | 614,311 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **120,881** | **614,311** |
| **Вкупна пасива** | **1,127,431** | **762,724** |

**Јавна здравствена установа**
**Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство Скопје**

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2008 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2008 година** | **606,982** | **7,329** | **614,311** |
| **Зголемување по основ на:** | **12,509** | **92,637** | **105,146** |
| Набавки | 11,425 | 92,618 | **104,043** |
| Вишок по попис | - | 19 | **19** |
| Превземени средства со делбен биланс | 126 | | |
| Ревалоризација | 958 | | |
| **Намалување по основ на:** | **513,938** | **84,638** | **598,576** |
| Потрошок | | 84,631 | |
| Расход по попис | 16 | 7 | **23** |
| Отуѓени средства | 505,165 | - | |
| Корекции во тек на годината | 8,757 | - | **8,757** |
| **Состојба 31.12.2008 година** | **105,553** | **15,328** | **120,881** |